**ЗАПИСНИК**
**од 9 –та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 10.12.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: Лазо Петрушевски (од здравствени причини), д-р Методија Јанчески (смртен случај во семејството).

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, м-р Арѓенд Целили, м-р Горјан Шеќеринов, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Фетаи ја отвори 9-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 17:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Фетаи објасни дека 5 членови на Советот се присутни освен г-дин Петрушевски кој поради здравствени причини е отсутен и д-р Методија Јанчески поради смртен случај во семејството.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 5 гласа „за" го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Образложение од Трговското радиодифузно друштво ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница-Пласница за постапувањето на медиумот во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата.
2. Разно.

**Точка 1**

Г-дин Фетаи во врска со точката му даде збор на г-дин Трајчевски да ја објасни состојбата со ТВ Аниса.

Г-дин Трајчевски постави прашање до службата дали на ТВ Аниса им е доставен линк за видео конференциската врска бидејќи состојбата со Корона вирусот не овозможува физичко присуство на седница.

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата – шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска објасни дека вообичаена пракса на Агенцијата е да им се доставува линк на сите што треба да учествуваат на седница. Во таа насока одговори дека и на ТВ Аниса по електронска пошта им е доставено известување со линк за учество на 9-та Јавна седница.

Г-дин Фетаи констатира дека претставници од ТВ Аниса не се вклучени на седницата која е наменета за образложение на медиумот во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата и ја затвори седницата.

**Точка 2**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-4477/2**
**18.12 2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Заменик на Претседателот на Советот**

**д-р Милаим ФЕТАИ**